ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-24111
26.02. 2026 год
СКОПЈЕ 2

ПРАВИЛНИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Скопје,(Февруари) 2026

Врз основа на член 19, став 2, точка 12 од Законот за високото образование и член 26, став 2, точка 12 од Статутот на Европски универзитет Скопје, Универзитетскиот Сенат на Европски универзитет Скопје, на 149 седница одржана на ден 26.02.2026 година, го донесе следниов:

ПРАВИЛНИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат принципите, стандардите и постапките за воспоставување, спроведување и унапредување на системот за обезбедување квалитет во работењето на Универзитетот. Со Правилникот се предвидува и надлежно тело за преземање мерки и активности за обезбедување на квалитет и контрола на квалитет во работењето на Универзитетот.

Член 2

Системот за квалитет опфаќа политики, процедури и мерки насочени кон континуирано подобрување на образовната, научно-истражувачката, уметничката, применетата и административната дејност.

Член 3

Системот за обезбедување квалитет и контрола на квалитетот се темели на Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и важечките национални и европски стандарди.

Член 4

Одговорноста за обезбедување квалитет и контрола на квалитетот во работењето на Универзитетот се спроведува на сите нивоа, сите органи, единици, наставен кадар, ненаставен кадар.

II. СИСТЕМ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

Член 5

Системот за обезбедување на квалитет во работењето на Универзитетот се остварува преку следење, примена и имплементација на стандарди пропишани во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација. Од посебна важност се следните стандарди: институционални политики за обезбедување квалитет; креирање, одобрување и следење на студиските програми; учење, настава и вреднување насочено кон студентот; запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати; наставен кадар; ресурси за учење и поддршка на студентите; информирање на јавноста, меѓународна соработка.

Член 6

Се спроведува континуирано следење, анализа и подобрување на процесите, со цел зголемување на ефикасноста и успешноста на Универзитетот.

Член 7

Активностите опфаќаат: дефинирање стратегија, поставување мерливи цели, следење на резултати, анализа и преземање корективни мерки.

Член 8

Квалитетот се унапредува преку развој на наставата, научно-истражувачката работа и соработка со засегнатите страни и пазарот на труд.

Член 9

Целите се: високи академски стандарди, подобри компетенции на студентите, транспарентност, мобилност и меѓународна препознатливост.

Член 10

Универзитетот редовно ја информира јавноста за резултатите од активностите за квалитет.

III. ТЕЛО ЗА КВАЛИТЕТ

Член 11

Надлежно тело за обезбедување квалитет и контрола на квалитетот на ниво на Универзитетот е Комисијата за обезбедување на квалитет, во следниот состав: 3 члена од редот на професорите редовно вработени на Универзитетот, 2 члена од редот на ненаставниот кадар и 1 студент. Членовите на Комисијата за обезбедување на квалитет и обезбедување на квалитет го именува Ректорот со мандат од 4 години, со право на уште еден избор.

Член 12

Комисијата за обезбедување на квалитет и контрола на квалитетот врши координација на сите активности за унапредување на квалитетот.

Член 13

Комисијата за обезбедување на квалитет и контрола на квалитетот планира, следи и анализира процеси поврзани со обезбедување квалитет.

Член 14

Комисијата за обезбедување на квалитет и контрола на квалитетот, подготвува планови и извештаи и ја промовира културата на квалитет.

Член 15

Комисијата за обезбедување на квалитет и контрола на квалитетот предлага стратегии, анализира резултати и иницира мерки за подобрување.

Член 16

Комисијата за самоевалуација спроведува внатрешна проценка согласно законските прописи и европските насоки.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Толкувањето на одредбите го врши Сенатот на Универзитетот.

Член 18

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател на Универзитетски сенат

Проф. д-р Соња Вујасин